# Работна средба на претседателката на Уставниот суд со ЗНМ



– Во рамки на проектот „Зајакнување на слободата на медиумите во С. Македонија, Босна и Херцеговина и Србија“, претседателката на Уставниот суд на Република С. Македонија, Добрила Кацарска денеска оствари работна средба со претставниците од Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ).

На средбата, како што соопштија од Уставниот суд, станало збор за начините на кои може да се унапредат односите со јавноста на Уставниот суд и неговата транспарентност, како и предизвиците со кои се соочува судот во овој дел од неговото функционирање.